**20140270938**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 февруари 2014 година.

Бр. 07-668/1
3 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорѓе Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Во Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12), во членот 6 став (2) зборовите: „може да одобри“ се заменуваат со зборовите: „ќе донесе одлука за тешко достапни населени места (места со непристапни патишта, отсечени во одредни месеци заради временски услови или голема оддалеченост), како и“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.